Д-р Ристо Ивановски

БИБЛИСКИТЕ ЕЗДРА- ЕВРЕИ КАНИБАЛИСТИ И ЗЛОЧИНЦИ

Битола, Р.Македонија
2017 година

ИВАНОВСКИ, Ристо
Библиските Ездра- Евреи канибалисти и злочинци / Ристо Ивановски.
- Битола : Ивановски Р., 2017. - 144 стр; 29 см.

а) Библиските Ездра- Евреи истребители на сè не-еврејско.

ЗАЕДНИЧКО ПОТЕКЛО НА ТЕМНИТЕ РАСИ (КРВНИ ГРУПИ)

Петер Адамо[1] наведува: „Крвта го претставува самиот живот. Таа е примарна сила што го овозможува раѓањето, заболувањето, војната и насилната смрт. Цели цивилизации се граделе врз основа на крвни врски. На нив се засниваат племињата, клоновите и кралските семејства. Не можеме да постоиме без крв- буквално или фигуративно.

Крвта е магична. Крвта е мистична. Крвта е алхемична. Се јавува низ целата човечка историја како исконски религиозен и кулурен симбол. Древните народи ја мешале и пиеле за да означат единство и верност. Од најраните времиња ловците изведувале ритуали да ги ублажат душите на животните што ги убивале преку жртвување на крвта на животни, мачкајќи ја по нивните лица и тела. Крв од јагне беше ставено како знак на колибите на Евреите од Египет за да ги прелета ангелот на смртта. Се вели дека Мојсеј ја претворил водата на Египет во крв, во потрагата на слободата на неговиот народ. Симболичната крв на Исус Христос скоро две илјади години е од централно значење за христијанството.

Крвта поттикнува толку разновидни свети претстави бидејќи во реалноста е толку исклучителна. Не само што ги снабдува комплексните системи за хранење и одбрана што се неопходни за самото наше постоење, туку е и камен-темелник на човештвото- огледало во кое можеме да ги следиме едвај видливите траги од нашето патување.

Во последните четириесет години успеавме да ги употребиме биолошките маркери, како што е крвта, за да ги откриеме миграциите и групирањата на нашите предци. Преку откривањето на тоа како овие луѓе се приспособувале на предизвиците на постојани променливи клими, бактерии и исхрана, всушност се откриваме себе си. Промените во климата и досташната храна предизвикале појавување на нови крвни групи. Крвната група е непрекинатата нишка што нѐ врзува едни со други“.

Создавањето на крвната група А било само поради инфенкција, е не друго.

„Приказната за човечкиот род е приказна за опстанок. Понаучно кажано, ова е приказна за тоа каде живееле луѓето и со што можеле да се хранат таму. Тоа е приказна за храна, за изнаоѓање на храна и преселување за да се најде храна. Не знаеме точно кога почнала човечката еволуција. Неандерталците, првите човечки суштества што се ги познаваме, можеби се развиле пред околу 500.000 години, а можеби и порано“.

Белата раса, за време на леденото доба, со траење 0,5- 1,0 милион години, се повлекла во Левантот кој со потопите се потопил со морска вода. За доказ дека немало Средоземно Море била јагулата. Ако би имало Средоземно Море јагулата ќе се мрестеше во Средоземно Море, а не во Саргашко Море. Како што континентите се оддалечуваат меѓусебно, јагулата патува сѐ подалеку и подалеку.

Како што јагулата и ајкулата постоеле кога немало континенти, истото било и со човекот. Бидејќи неандерталот не оставил наследник, тој како мајмун немал врска со човекот. Па човекот има фетален череп, а сите мајмини се со череп на одраснат цицач- има и други разлики. Сите човечки крвни групи постојат кај сите видови мајмуни, и тоа од својот почеток, а кај човекот првобитна крвна група била 0.

---

[1] Петер Џ. Д’ Адамо и Катерина Витни, Крвни групи и исхраната, Кал. фитнис 1996- Скопје, стр. 25.

Кај авторот Петер Адамо првобитна крвна група била само крвна група 0.

„Крвната група А најнапред се јавила некаде во Азија или на Блискиот Исток меѓу 25.000 и 15.000 год. п.н.е. како одраз на новите услови. Се појавила на врвот на неолитскиот период, или новото камено време, што следувало по старото камено време, или палеолитскиот период на ловците кромагнони. Земјоделието и припитомувањето на животните се главни карактеристики на оваа култура“.[2]

Бидејќи во „Азија или на Блискиот Исток“ флората и фауната не содејствува со белата раса, крвната група А како вегеријанска се појавила во Левантот-таму Белците одгледувале домашни животни, житарици и мешункасти растенија за храна.

„Одгледувањето на растенијата и животните изменило сè. Сега луѓето биле способни да го надминат чистото преживување и за првпат можеле да се издржуваат. Така воспоставиле стабилни општества и постојани структури на живеење. Овој радикално поинаков животен стил и огромната промена во исхраната и околината резултирале во едно сосема нова мутација на органите за варење и имунолошкиот систем на неолитските луѓе- мутација што им овозможила подобро да ги поднесуваат и варат култивираните житни растенија и другите земјоделски производи. Се појавила крвната група А“.

Крвната група А се појавила само поради говедото кое се одгледувало во поголема концетрација. Чумата на говедото предизвикала маласипаница кај човекот, од која 95% монголски Индијанци само со првобитната крвна група 0 изумреле. Во прилог се наведува грипот на свињата која кај човекот предизвикува грип. Бидејќи крвната група А настанала од зараза на животни, таа останала вегетеријанска.

„Населувањето во трајни земјоделски општества поставило нови развојни предизвици. Вештините потребни за заедничко ловење сега се запоставиле во корист на нов вид на кооперативно општество. За првпат, одредена вештина во едно поле зависело од други луѓе што се занимавале со нешто друго. На пример, воденичарот зависел од земјоделецот да му го донесе житото; земјоделецот зависел од воденичаротда му го сомеле житото. Луѓето веќе не ја гледале храната како непосреден извор или нешто привремено. Полињата морале да се садат и одгледуваат предвидувајќи ги идните жетви. Планирањето и соработувањето со другите станало најважно.Психолошки, ова се карактеристиките што најчесто ја одликуваат групата А, можеби уште една адаптација кон околината.

Генот на групата А почнал да се развива во раните земјоделски општества. Генетската мутација што ја произвела групата А од групата 0 се јавила рапидно, толку рапидно што степенот на мутација бил четири пати побрз од оној на Drosofila, обична овошна мушичка и сегашниот рекордер!“.

Брзата мутација била само од малата сипаница која била од чума на говедо.

„Каква би можела да биде причината за ваквата исклучителна стапка, на човечка мутација од крвната група 0 кон групата А ? Одговорот е опстанок. Опстанокот на најсилниот во пренаселено општество. Групата А се покажала како поотопорна на инфекции што се чести во густо населени предели. Урбаните и индустријализирани општества набргу станале група А. Дури и денес преживеани од чума, колера и голема сипаница се претежно од крвната група А, не од група 0“.

Од сипаницата на говедото била големата сипаница- од чумата малата сипаница. Бидејќи големата сипаница е смртоносна, таа не учествувала во мутацијата.

---

[2] Исто, стр. 30.

„Со текот на времето генот за крвната група А се проширил надвор од Азија и Блискиот Исток во западна Европа, пренесен од страна на Индо-европјците[3] кои продреле длабоко во преднеолитските населенија. Индо-европските племиња првобитно се појавиле во јужно- централна Русија и меѓу 3500 и 2000 год. п.н.е. се придвижиле јужно кон северно-западна Азија, создавајќи ги населијата и народите на Иран и Авганистан. Напредувајќи, навлегле уште позападно во Европа. Инвазијата на Индо-европејците всушност е првобитна револуција во исхраната. Внела нови видови храна и навики на живеење во едноставниот имунолошки систем и дигестивниот тракт на раните ловци и берачи. Овие промени биле толку коренити што создале стрес во околината кој бил неопходен за ширењето на генот од групата А. Како одминувало времето, дигестивниот систем на ловците и берачите ја изгубил способноста да ја поднесува предземјоделската месна исхрана.

Денес, крвната група А е сè уште најчесто меѓу западно Европејците. Застапеноста на групата А се намалува како што се движиме од западна кон источна Европа, следејќи ги патеките на древните миграции. Народите со крвна група А се висококонцетрирани околу Медитеранското, Јадранското и Егејското море, особено во Корзика, Сардинија, Шпанија, Турција и на Балканот. Јапонците имаат една од највисоките концетрации на крвната група А во источна Азија, заедно со доста висока концетрација на крвна група Б. Крвната група А мутирала од крвната група 0 како реакција на безбројните инфекции предизвикани од зголемувањето на бројот на населението и клучните промени во исхраната. Но крвната група Б била поинаква“.

Мутацијата настанала само поради инфекција од животни, и токму затоа се разликува 0 месојадна и А само вегетеријанска за житарици и мешункасти хранива.

Па крвната група А настанала од инфекции на животни-за нив таа е одбојна.

Секаде, каде што стигнала белата раса со крвна група 0 и А, секаде ја им и крвната група А, дури и во Јапонија- до Окинава в море град со пирамиди, писмо...

„Крвната група Б се развила меѓу 10.000 и 15.000 год. п.н.е. во пределот на Хималајските планини, во денешен Пакистан и Индија“.

За да биде создадена крвната група Б месојадна како крвната група 0, само со ниска содржина на хлороводородна киселина за активирање на ензимот пепсин во желудникот, морало да има допир на Белци со своите домашни животни (говедо, свиња...) со Монголите само со крвната група 0. Бидејќи Белците во централна Кина стигнале околу 4500 г.п.н.е., доказ со најстара мумија на белка во Кина, а Монголите од Источна Азија на запад се селеле околу 3500 г.п.н.е., монголската крвна група Б следела само по 3500 г.п.н.е. Белата раса дошла и во Јапонија- расата аину.

„Оттргнати од жешките, богати савани во источна Африка кон студените, сурови височини на Хималаите, припадниците на крвната група Б можеби првобитно мутирала поради климатските промени. За првпат се јавила во Индија или во подрачјето на Урал во Азија, меѓу луѓе што биле мешавина на кавкаски и монголски племиња. Ова нова крвна група набргу станала карактеристична за голем број племиња во степите, што во овој период ги населувале евро-азиските рамници“.

Северна Африка му припаѓала на Левантот- на Белците,а Источна на Црнци.

Крвната група Б била монголска, а крвната група А на Белци- со инфекции.

Степски народи биле Монголи- Белците земјоделци и сточари (говедари...).

[3] Индијците биле темни, а Европјаните бели. Следи крвната група А ѝ припаѓала на белата раса.

„Како што Монголците се ширеле низ Азија, така и генот на крвната група Б се зацврстувал. Монголците се населиле на север, носејќи со себе култура заснована на одгледување и припитомување на животни- што се одразило и во нивната исхрана од месо и млечни производи“.

Крвната група Б била монголска- Монголите станале само коњари и овчари.

„Две засебни групи на крвната група Б се јавиле како што навлегувале овчарските номади во Азија: аграрна, слабо подвижна група на југ и на исток; и номадска, воинствено општествено што го освоило северот и западот. Номадите биле одлични јавачи и навлегле длабоко во источна Европа и генот на крвната група Б сè уште претставува силен доказ кај многубројни источни европски населенија. Во меѓувреме, целосно земјоделско ориентирана култура се раширила низ Кина и југоисточна Азија. Поради природата на земјиштето што го одбрале за обработка и исклучителните климатски услови во околината, овие луѓе создале и примениле софистицирани иригациони и земјоделски методи што чинеле чудесен спој на креативност, интелигенција и инвентивност“.

Бидејќи крвната група Б доминира врз 0, наследниците на Белците со крвна група 0 и крвна група Б биле земјоделци и сточари, а Монголите ловци и рибари.

„Расколот меѓу воинствените племиња на север и мирољубивите земјоделци на југ биле длабок и остатоци од него постојат дури и денес во јужната азиска исхрана што користи многу малку или воопшто не користи млечни производи. Според азискиот менталитет, млечните производи се варварска храна, што и не е среќна околност, затоа што исхраната тие ја прифатиле не е адекватна за крвната група Б“.

Сточарството со млечното производство било на белата раса- не монголско.

„Од сите крвни групи, Б покажува најјасна дефинирана географска распространетост. Протегајќи се како голем појас преку европазиските рамнини до индискиот потконтинент, крвната група Б има многубројни претставници во Јапонија, Монголија, Кина, Индија, па сè до Уралските планини. Од таму кон запад процентот опаѓа сè до најнискиот процент во западниот дел од Европа“.

Бидејќи Европјаните се Белци,се потврдува,крвната група Б била монголска.

„Малиот број на луѓе со крвна група Б меѓу старите и западните Европејци се резултат на западните миграции на азиските номадски племиња. Ова најдобро може да се види кај најисточните западни Европејци, Германците и Австријците, кои имаат неочекувано висок процент на крвната група Б во споредба со нивните западни соседи. Највисоката концетрација на групата Б кај Германците е околу реката Елба, што во древните времиња претставувала линија на поделба меѓу цивилизацијата и варварството“.

Висок процент на крвната група Б била од на Готите и Хазарите од Кавказ.

„Современите потконтинентелни Индијци, кавкаски народ, имаат една од највисоките концетрации на крвната група Б во светот. Северните Кинези и Кореанци имаат многу висока стапка на крвната група Б, а многу ниска стапка на крвната група А.

Карактеристиките на крвните групи на различните еврејски населенија одамна се од интерес за антроплозите. Општо, без разлика на националноста и расата, има тенденција кон натпросечна застапеност на крвната група Б. Двете главни еврејски секти, Ашкеназите и Сефардимите, имаат високи нивоа на крвна група Б и се

чини дека имаат малку разлика. Вавилонските Евреи од времето пред дијаспората значително се разликуваат од арапското население во Ирак, кои се претежно со крвната група 0 (местото на библискиот Вавилон). Оваа група Евреи главно ја има крвната група Б, со извесна застапеност на крвната А“.

Видливо е монголското влијание со монголската крвна група Б месојадци.

„Крвната група АБ е ретка. Се појавила со мешањето на Кавкази од крвната група А и Монголци од групата Б. Помалку од 5% од населението има крвна група АБ и ова е најновата крвна група“.

На Кавказот живееле Белци. Таму се населиле Монголи. Такви биле Хазари.

„До пред десет или дваесет века крвната група АБ не постоела. Варварските орди ја пресекле сржта на многу цивилизации на прагот на нивната пропаст, протегајќи се низ целата должина и ширина на Римската империја. Како резултат на мешањето на овие источни напаѓачи со последните остатоци од европската цивилизација се појавила крвната група АБ. Не постои доказ за постоењето на оваа крвна група постар од 900 или 1000 години, кога имало западна миграција на источните народи.Крвната група АБ ретко се наоѓа во европските гробови пред 900 год. н.е. Испитувањата на ископини на предисториски гробници во Унгарија покажуваат изразит недостаток на оваа крвна група во лонгобардискиот период (4 до 7 век н.е.). Се чини дека ова укажува на фактот дека сè до овој временски период европските населенија од групата А и Б не контактирале често, а ако контактирале, тогаш не се мешале и немале мешани бракови“.

Мешањето на Белци и Монголи се совпаѓа со Хазарската мисија на Кирила.

„Бидејќи групата АБ ја наследила толеранцијата и на А и на Б, имунолошкиот систем има зголемена способност да произведува специфични антитела против бактериски инфекции. Оваа исклучителна карактеристика на непоседување ниту анти- А ниту анти- Б антитела ги минимизира шансите за развивање алергии или други автоимунолошки болести како се артритис, воспаление и лупус. Меѓутоа, постои поголема предиспозиција кон одредени видови рак бидејќи крвната група АБ реагира на сè што е слично на А или Б како да е дел од себе, така што не произведува антитела.

Карактерот на крвната група АБ е повеќестран, но понекогаш и комлициран. Ова е првата крвна група што го има усвоено спојот на имунолошките карактертистики. Некои од тие облици ги чинат лицата со оваа крвна група силни, додека другите се во меѓусебен конфликт. Можеби групата АБ претставува совршена метафора за модерниот живот: комплексна и променлива“.

„Крвната група, географската положба и расата испреплетени заедно го оформуваат нашиот човечки идентитет. Можеби постојат и културолошки разлики, но кога ќе се земе предвид крвната група, тогаш се гледа колку се тие површни. Вашата крвна група е постара од вашата раса и пофундаментална од нашата етничка припадност. Крвните групи се резулат на хаотична генетска активност. Секоја нова крвна група е еволутивен одзив на низа катаклизмични верижни реакции, во текот на еони полни со исконски промени“.

Темните раси имале заедничко потекло пред да има континенти- Јужна Африка била споена со Индија. Следи да се појават Монголи, кои од Источна Азија се префрлиле во Северна Америка, околу 13.000 г.п.н.е., а некаде околу 8.000 г.п.н.е. дошле во Јужна Америка. Крвната група А била на Белците (земјоделци и сточари).

„И ако се чини дека раните расни промени се јавиле со свет што бил составен скоро исклучително од крвната група 0, расното раздвојување- заедно со адаптации во исхраната, околината и географската положба- била дел од еволутивниот процес што во крајна линија ги создал останатите крвни групи.

Некои антрополози веруваат дека класификацирањето на луѓето по раса е премногу едноставно. Крвната група е многу поважна детерминанта на разликите и сличностите отколку расата. На пример, Африканец и Кавказец со крвна група А би можеле да разменат крв или органи и имаат сличности во склоностите, дигестивните функции и имунолошките структури- карактеристики што не би им биле заеднички со припадник на нивната раса со крвна група Б.

Расните разлики заснивани на бојата на кожата, етничката припадност, географските локации или културолошките корења не се валиден начин за разликување на луѓето. Членовите на човечката раса имаат многу повеќе заеднички карактеристики отколку што сме можеле да претпоставиме. Сите ние сме потенцијални браќа и сестри според крвта.

Денес, разгледувајќи ја оваа неверојатна револуција во еволуцијата, ни станува јасно дека нашите претци имале биолошки шеми што одговарале на нивната околина. Оваа лекција треба да ја споиме со нашето сегашно проучување на крвните групи, бидејќи генетските карактеристики на нашите предци живеат во нашата крв и денес.

- Група 0: Најстарата и најосновната крвна група, преживувачот на врвот на синџирот на исхраната, со силен и своеглав имунолошки систем, со способност и волја да уништи секого, и пријател и непријател.

- Група А: Првите имигранти, принудени од неопходната преселба да се приспособуваат на поаграрна исхрана и животен стил, со посоработлив карактер за пренаселените општества.

- Група Б: Асимилитарот, што се приспособува на нова клима и мешовити населенија; ја претставува потрагата на природата по поголема рамнотежна сила меѓу тензиите на умот и потребите на имунолошкиот систем.

- Група АБ: Комплексно создание од реткиот спој меѓу толерантната група А и поранешната варварска, но поизбалансирана група Б.

Нашите претци ни оставиле на секој од нас посебно наследство, зацртано по нашите крвни групи. Ова наследство перманентно постои во нуклеусот на секоја наша клетка. Овде се спојуваат антроплогијата и науката што се занимава со проучување на крвта“.

„Лекција за крвната група: приказната за рабинот[4]

Со текот на годините имам видено многу трансфорции како резултат на диета за крвната група. Но ретко која ме инспирираше толку многу колку моето искуство со мудриот стар рабин од Бруклин.

Во почетокот на 1990 година, итно ми се јави лекар од Њујорк што ја почитуваше мојата работа. Ме замоли ако можам да дојдам и прегледам еден негов пациент, познат хасидски рабин, кој беше многу болен.

‘Рабинот Јакоб е исклучителен човек’, ми рече.

‘Би требало да биде големо искуство за тебе, а се надевам и за него.’ Ми кажа дека рабинот, кој имаше 73 години, имал долга историја на дијабетес, што бил

[4] Исто, стр. 49.

слабо контролиран со инјекции на инсулин. По тежок мозочен удар рабинот беше делумно парализиран.

Кога пристигнав кај него дома, во Бруклин, видов дека рабинот Јакоб навистина беше импресивен и зрачеше со длабоко духовно разбирање. Очигледно некогаш бил висок и со крупна градба, но сега рабинот лежеше истоштен во креветот, со голема бела брада што скоро ги достигнуваше неговите гради. И покрај неговата здраствена состојба, очите му беа бистри, мили и полни со живот. Неговата главна преокупација беше да стане од кревет за да може да продолжи со својата работа. Но можев да видам дека има големи болки. Ми кажа дека дури и пред мозочниот удар имал проблеми со нозете. Слабата циркулација предизвикала отекување и воспалување на двете нозе и кога одел имал болно трпење. Сега левата нога му беше парализирана.

Но бев изненаден кога дознав дека рабинот Јакоб има крвна група Б. Иако оваа крвна група е релативно ретка во Америка, доста е застапена меѓу хасидските Евреи, кои најчесто емигирале од источна Европа.

Ми стана јасно дека за да му помогнам на рабинот ќе мора прво да дознам како живее и што јаде. Храната е тесно поврзана со ритуалите во еврејските традиции.

Седнав да поразговарам со сопругата и ќерката на рабинот Јакоб. И двете не беа запознаени со натуропатските третмани, но сакаа да му помогнам на рабинот и имаа желба да научат.

‘Кажете ми за исхраната на рабинот,’ им реков.

‘Обично ја јаде истата храна секој ден’, ми кажа ќерка му. Храната се состоеше од варена кокошка; чолент, вид паштета од грав; и каша од ељда. Кокошка, грав и ељда со тестенини, ова беше вообичаената храна.

‘Па како ја правите кашата ?’ прашав наивно. Имаше кратко разговор меѓу мајката и ќерката на еврејски, со чести насмевнувања и погледи кон мене.

‘Па,’ рече ќерката на совршен англиски, ‘прво ќе ја свари кашата- ељдата, а потоа ќе ја измешате со тестенините. Ја послужувате, се молите и јадете.’

‘Дали ја зачинувате кашата ?’ повторно прашав наивно. По уште еден разговор на еврејски, ќерката ми одговори.

‘Каша, докторе, па ... ќе ја земете маста од кокошката, ќе ја ставите во тенџере со (многу малку) насечкан кромид и ја варете. Кога ќе изврие добивате прекрасна чиста маст од кокошка. Им мачкате на леб на децата со малку сол. Толку е вкусна што луѓето умираат по маста !’

Да, си помислив загрижено, можеби умираат од неа, а не по неа.

‘Во секој случај,’ продолжи ќерката на рабинот, ‘џимиринките што сте ги отстраниле се крцкави и вкусни. Ги служиме со кашата. Повкусни се од пржени компирчиња. Рабинот ги обожува! А маста ја мешаме со кашата и тестените. Многу е вкусно. Многу!’

Открив и дека ова се често хасидски јадења и дека се служат и во сабота. Во ова не беше ритуал кој рабинот го применуваше еднаш неделно. Овој побожен човек ги минуваше деновите во молититва, ретко мислеше на храна и едноставно ја јадеше истата храна двапати дневно, секој ден.

И покрај тоа што беше дел од традицијата стара со векови, исхраната на рабинот не беше добар извор за луѓе со крвна група Б. Лектините во храната како што

е кокошка, ељда, грав и пченка (а да не ги споменуваме џимиринките!) ги предизвикуваа клетките на неговата крв да аглутинираат и тоа веројатно била главната причина за мозочен удар. Овие конкретни лектини можат да го блокираат и дејството на инсулинот, што објаснува зошто дијабетисот на рабинот тешко се контролира.

Ми беше јасно дека ортодоксните Евреи ги почитуваат правилата на кашрут -кошер- древни принципи за исхрана што се наведени во Стариот тестамент на Библијата. Според овие правила на исхрана има одредена храна што е забранета, а месните и млечните производи никогаш не се јадат заедно или за време на истиот оброк. Всушност во кошер домаќинствата имаат посебни тави, тенџерења, чинии и прибори за месо и млечни производи. И посебни лавабоа за нивно миење.

Затоа, внимателно пристапив кон измените во исхраната при разговорите со двете жени, не сакајќи да им ги нарушам ритуалите и религиозните асоцијации што им значеа толку многу. Исто така бев претпазлив да не препорачам храна што ја сметаат за нечиста, според нивната традиција.

За среќа, постоеа алтернативи што беа дозволени. Ја замолив сопругата на рабинот Јакоб да ја измени нивната исхрана, ограничувајќи ја вообичаената исхрана на рабинот на еднаш неделно, само за светиот оброк во сабота. За другите оброци ја замолив да подготвува јагнешко, риба или мисирка наместо кокошка, ориз или просо наместо каша; и да го менува видот на гравот од кој ја прави паштетата. На крај, препишав и неколку комбинации на витамини и лековити тревки за да се забрза неговото закрепнување.

Во текот на следната година, рабинот одлично напредуваше. За само осум недели почна да оди и да прави умерени вежби, што многу му помогна во подобрување на циркулацијата. Покажуваше неверојатна подвижност за човек на негова возраст и ги острани последиците од мозочен удар. По шест месеци го префрлија од инекција на орална инсулинска терапија- огромен напредок, имајќи предвид дека со години беше на инекции. Оттогаш немал наврати на мозочен удар и дијабетесот на рабинот Јакоб конечно бил под контрола.

Лекувањето на рабинот ми укажа на тоа колку е древна и функционална мудроста на крвните групи. Исто така покажуваше дека исхраната што сме ја одбрале од религиозни или културолошки причини, не е секогаш најздрава за човек што припаѓа на таа култура! Можеби се чини дека традицијата што е стара пет или шест илјади години е добро адаптирана и древна, но многу од одликите на нашите крвни групи се илјадници години постари.

При изучувањето на исхраната за вашата крвна група, научете една лекција од рабинот. Диетата за крвната група не е обид да се постави строга формула за нашата култура. Напротив, ова е начин да го подржувате вашиот идентитет потполно -да се навратиме на исконските вистини што живеат во секоја клетка на вашето тело и ве поврзуваат со вашите историски, еволутивни предци“.

„Типот 0 треба строго да ја ограничи количината на млечни производи што ја прима. Неговиот организам не е доволно приспособен за да може добро да ги метаболизира и нема многу корисна храна во оваа група.[5]

Ако сте тип 0 со африканско потекло треба сосема да ги отстраните млечните производи и јајцата. Обично се многу тешки за варење; всушност, многу Аме-

[5] Исто, стр. 76.

риканци од африканско потекло не поднесуваат лактоза. Млекото и кашкавалот од соја се одлична висока протеинска замена“.

Значи, Црнците не биле сточари за тие да се хранат со млеко. Се потврдува, кај нив крвната група 0 не мутирала во А, тие не одгледувале домашни животни (говедо и свињи со чума и грип), порадишто крвната група А постанала одбојна за животинска храна туку за житарици и мешункасти храни. Сè ова било во Левантот.

„Во многу погледи, типот А е сосема спротивен на типот 0, кога е во прашање метаболизмот. Храната од животинско потекло го забрзува метаболизмот на типот 0 и го прави поефикасен, но таа има сосема поинаков ефект на типот А. Можеби веќе сте забележале дека ако јадете црвено месо се чуствувате тромо и немате толку енергија како кога јадете зеленчук. Некои луѓе со крвна група А чуствуваат задржување на течности додека нивниот организам ја согори тешката храна. Типот 0 го согорува месото за енергија; типот А го таложи месото во вид на масно ткиво. Причината за разликата е желудечната киселина. Додека типот 0 има високо ниво на желуделна киселина, што го поттикнува варењето на месото, типот А има ниско ниво на желудечна киселина, што претставува дел од приспособувањето на нивните предци кои морале да опстанат на земјоделски производи.[6]

Млечните производи исто така се тешки за варењеза типот А и предизвикуваат инсулинска реакција- уште еден фактор во забавувањето на метаболизмот. Покрај тоа, млечните производи имаат високо нивоаа на заситени масти, што му пречат на срцето и можат да доведат до здебелување и дијабетес“.

„Типот А може да поднесе мали количини на ферметатирани млечни производи, но треба да одбегнува сè што е направено од полномасно млеко и да ја ограничи количината на јајцата, јадејќи само по едно селско јајце. За ова е потребно планирање,бидејќи западната исхрана е ориентирана кон јајца, путер и крем- торти, пити, колачи и сладолед се наши најомилени јадења.[7]

Изборот на типот А треба да вклучува јогурт, кефир, безмасна кисела павлака и ферментирани млечни производи. Неварено козјо млеко е добра замена за полномасно млеко. Млекото и сирењето од соја се исто така добри замени и се здрави за типот А.

Повеќето од млечните производи не се здрави за типот А, од едноставна причина што типот А создава крвни антитела на примарниот шеќер во полномасното млеко- D- galactasamine. Како што споменавме во Глава 2, D- galactasamine е основниот шеќер, што заедно со фукозата, формира антигени на типот Б. Бидејќи имунолошкиот систем на типот А е создаден да одбива сè што е слично на типот Б, антителата што ги создава за да се штити од антителата на типот Б, исто така ќе ги одбијат и полномасните млечни производи“.

Па крвната група Б имала врска со крвната група 0 на црните Африканци.

„Ако сте тип А и имате алергични или респираторни проблеми, треба да имате во предвид дека млечните производи имаат тенденција да ја зголемат количината на слуз што ја создавате. Типот А обично создава повеќе слуз од другите крвни групи, веројатно поради тоа што има потреба од дополнителна заштита за својот премногу настроен имунолошки систем. Меѓутоа, преголема количина на слуз можат да бидат штетни, бидејќи различни бактерии можат да се хранат од неа.

---

[6] Исто, стр. 112.
[7] Исто, стр. 117.

Преголемите количини на слуз водат кон алергиски реакции, инфекции и респираторни проблеми. Ова е уште една добра причина да се ограничи јадењето на млечни производи“.

„Типот А добро напредува на растителни протеини што се наоѓаат во неколку видови грав и мешунки. Заедно со сојата, гравот и мешунките се одличен извор на протеини за типот А. Меѓутоа, треба да се има предвид дека не се здрави сите видови грав и мешунки. Некои видови грав, како на пример лима, точкест и наут, содржат лектини што можат да предизвикаат намалување на производството на инсулин, што често претставува фактор и за здебелување и за дијабетес“.[8]

„Типот А напредува многу добро на цереални и може да го јаде овој вид храна неколку пати дневно. Треба да одберете висококонцетрирани цели жита наместо инстант или преработени. Во вашата исхрана треба да воведете просо, соино брашно, брашно од пченка и овес“.[9]

„Типот 0 и типот А во многу погледи се спротивни, но типот Б е идиосинкразичен со сосем уникатни карактеристики што понекогаш наликуваат на камелеон. Во многу погледи типот Б се чини идентичен на типот 0, така што човек ќе помисли дека се сродни. Потоа, одеднаш типот Б ќе стане сосема поинаков, уникатен. Може да се рече дека типот Б претставува софистицирана алка во еволутивниот синџир, обид за спојување на различните народи и култури.[10]

Општо гледано, стабилниот и постојан буден тип обично може да ги одбегне повеќето од тешките болести на современиот живот, како срцеви болести и ракот. Дури и да оболи од овие болести типот Б има поголеми шанси да ги преживее. Меѓутоа, бидејќи типот Б е малку поинаков, неговиот организам е поподложен на егзотични имунолошки нарушувања, како што се мултипла склероза, лупус и синдром на хроничен замор на организмот (види Глава 9)“.

„Типот Б е сличен на типот 0 во реакцијата на глутеинот што се наоѓа во ељда и производи од цели зрна на пченица. Глутеинскиот лектин придонесува кон проблемите што ги предизвикуваат другите видови храна кои го забавуваат метаболизмот. Ако храната не се вари ефикасно и не согорува за да го храни организмот, тогаш се таложи во вид на сало.[11]

Самиот житен глутеин не го напаѓа типот Б толку сурово колку што го напаѓа типот 0, но ако житото се додаде на пченка, ељда или кикиритки, крајниот резултат е исто толку штетен. Луѓето со крвна група Б кои сакаат да ослабнат задолжително треба да одбегнуваат жито“.

Бидејќи крвната група 0 и Б не се за житарици и мешункасти храни, кои денес малку се сеат во Блискиот Исток и во сета Азија, крвната група А немала врска со Азија и Северна Африка,туку со Левантот- таму Белците опстојувале за време на ледено доба, со траење 0,5- 1,0 милион години. Следи крвната група 0 од Африка е блиска со крвната група Б која била монголска- оваа им припаѓала на темните раси.

„Се чини дека стресот, автоимуните нарушувања и конзумирањето на црвено месо се поврзани кога е во прашање типот Б. Ова се должи на фактот што предците на типот Б подобро се адаптирале кон други видови месо (немале многу тове-

[8] Исто, стр. 120.
[9] Исто, стр. 121.
[10] Исто, стр. 158.
[11] Исто, стр. 159.

ни јунија во собирските тундри!). Ако сте изморени или ви е нарушен имунолошкиот систем, треба да јадете црвено месо како на пример јагнешко, овчо или зајак неколку пати неделно, наместо говедско или мисирка“.[12]

Бидејќи од чумата на говедо се дошло до маласипаница, која ја мутирала крвната група 0 во крвна група А, крвната група Б била на темните раси, на Монголи, кои биле само ловци и рибари на диви животни и риби- крвната група А на Белци.

„Типот Б добро напредува со морска храна, особено ако конзумира длабокоокеанска риба како бакалар или лосос, што се богати со хранливи масла. Белите риби како иверак, коњски јазик или лист, исто така се одлични извори на висококвалитетен протеин корисен за типот Б. Сите видови ракови и школки треба да се одбегнуваат. Содржат лектини што го нарушуваат организмот на типот Б. Интересно е што многу од првобитните луѓе со крвна група Б биле евреи кај кои од верски причини е забрането да се јадат школки или ракови. Можеби ова правило за исхраната е доказ дека школките и раковите се тешки за варење за типот Б“.[13]

Монголите јадат масла со повеќенезаситени масни киселини-Белци обратно.

„Типот Б е единствената група што може да ужива во широкиот спекар на млечни производи. Ова се должи на фактот што примарниот шеќер во антигенот на крвната група Б е D- galactosamine, односно истиот шеќер што е присутен и во млекото. Млечните производи за првпат биле воведени во човечката исхрана за време на највисоката развојна етапа на типот Б, заедно со припитомувањето на животните (патем речено, јајцата не го содржат лектинот што се наоѓа во мускулното ткиво на кокошките)“.[14]

Сточари (говедари, козари, овчари...) биле само Белците, никако Монголите.

„Меѓутоа, идиосинкразијата на потеклото ја заматува сликата. Ако сте од азиско потекло, можеби на почетокот ќе ви биде тешко да се навикнете на млечни производи, но причината за тоа не е вашиот организам, туку културата што се потпира на нивната употреба. Млечните производи за првпат биле воведени во источните општества со инвазијата на монголските племиња. Според азиското размислување, млечните производи биле храна за варвари и поради тоа не треба да се јади. Последиците се присутни дури и денес, иако има голем број луѓе со крвна група Б во Азија за кои исхраната базирана на соја е штетна за нивниот организам“.

Следи Азија не била простор за одомашување на животните туку Левантот.

Белците со крвна група 0 и А однеле некаков грав во Јапонија, па се до соја.

„Луѓето со крвна група Б од африканско потекло исто така можеби ќе имаат проблеми да се проспособат на млечните производи. Крвната група Б е ретка во Африка и многу Африканци не поднесуваат лактоза“.

Разликуваме Белци со крвна група 0 и А и темни раси со крвна група 0 и Б.

„Оваа нетолеранција не треба да се поистовети со алергија. Алергиите се имунолошки реакции што предизвикуваат крвта да произведува антитела на одредена храна. Нетолеранцијата е дигестивен проблем што се однесува на одреден вид храна. Таа може да биде предизвикана од миграција, културолошка асимилација или други фактори, како на пример реакцијата луѓето со крвна група Б што се населиле во Африка каде млечните производи ретко се користат.

---

[12] Исто, стр. 161.
[13] Исто, стр. 162.
[14] Исто, стр. 164.

Што можете да сторите ? Ако не поднесувате лактоза, почнете да користите препарат од ензим на лактоза со што полесно ќе можете да ги користите млечните производи. По неколкунеделна диета за типот Б, можете полека да почнете да ги воведувате млечните производи, што полесно можете да ги поднесувате од свежите млечни производи како сладоледот, полномасното млеко и крем сирењето. Честопати, типот Б може да ги вклучи млечните производи во диетата откако ќе ги реши другите проблеми со исхраната.

Храната од соја се препорачува како замена за млечните производи. Можете да јадете производи од соја, но за вас не се толку корисни како за типот А. Дел од причината поради која не би препорачал соја за типот Б е што се плашам дека луѓето ќе јадат производи од соја наместо месо, риба или млечни производи што се навистина потребни за оптимално здравје на типот Б“.

Сојата ја има Јапонија и западно, донесена како некаков грав од белата раса.

„Кога типот Б е добро избалансиран, односно кога ја следи соодветна диета, житото може да не претставува проблем. Меѓутоа, повеќето луѓе со крвна група Б не поднесуваат жито. Житото содржи лектин што се врзува на инсулинските рецептори во масните клетки, што го попречува прилепувањето на инсулинот. Ова резултира во намалена инсулинска ефикасност и го спречува согорувањето на масните наслаги.[15]

Типот Б исто така треба да одбегнува ’рж бидејќи содржи лектин што се таложи во крвните садови предизвикувајќи нарушувања во крвотокот, при што може да дојде до мозочен удар. Интересно е што главните жртви на васкуларните болести, што понекогаш се нарекуваат огин на Св. Антониј, претежно се луѓе со крвна група Б што припаѓаат на еврејското население од источна Европа. ‘Ржениот леб е составен дел на нивната културолошка традиција.

Пченката и ељдата се главни фактори за задебелување на луѓето со крвната група Б. Повеќе од која било друга храна, овие две состојки придонесуваат за забавување на метаболизмот, неправилност во лачењето на инсулин, задржување на течности и замор. Повторно, клучот за типот Б се наоѓа во рамнотежата. Треба да јадете разновидни жита и цереалии. Оризот и овесот се одлични за вас. Исто така би ве советувал да пробате крупника, што е многу корисна за типот Б“.

Бидејќи Африка била споена со Јужна Америка, а пченка имало во Западна Америка, пченката била донесена по Тихиот Океан. Пченката ја познавал Александар Македонски (Ариан), ја имало во Јужна Италија и Балканот.Па Ц-14 не е точен.

АНТРОПОЛОГИЈА НА КРВНИ ГРУПИ- ПОТЕКЛО НА ТЕМНИТЕ РАСИ

Петер Адамо[16] пише: „Антропологијата е наука за културошките и биолошките разлики кај луѓето...

Физичката антропологија исто така проучува како човекот се приспособувал на промените во условите. Традиционалните физички антрополози претежно се занимавале со мерење на формата на черепот, физичката конституција и други физички карактеристики. Подоцна крвната група стана важно средство за ваквиот вид анализи. Во 50- тите години, кога вниманието се свртело кон генетските карактери-

[15] Исто, стр. 168.
[16] Петер Ц. Д’ Адамо и Катерина Витни, Крвни групи и исхраната,Кал. фитнис 1996-Скопје, стр.355.

стики,се јави интерес за крвните крупи и други маркери кои имаат генетска основа. А.Е. Моран, лекар и антрополог, објави две дела, Крвни групи и болести (1978), и Крвно сродство: Крвни групи и антролологија (1985), кои опфатија огромен број податоци за оваа обаст.

Покрај Моран, употребив и многу други материјали за овој додаток, вклучувајќи и поранешни антрополошки извори како Вилијам Бојд, Генетиката и човечките раси (1950), и серија студии што беа објавени во различни списанија за судска медицина.

Јавувањето на различните крвни групи кај древното население може да се утврди преку крвна анализа на гробниците. Крвната група може да се утврди преку анализирање и реконструкција на пронајдените остатоци. Преку проучувањето на крвните групи на човечкото население, антрополозите откриваат податоци за историјата, преселувањето, вкрстувањето и диверсификацијата на одреден народ.

Има многу национални и етнички групи кои имаат свои сопствени диструбуции на крвна група. Кај одредени изолирани народи, се среќава очигледно преовладување на одредена крвна група. Кај други народи дистрибуцијата може да биде поизедначена. Во САД, на пример, подеднаквата застапеност на крвната група А и 0 се должи на масовното преселување. Во САД исто така има поголема застапеност на крвната група Б отколку во западноевропските држави што е веројатно резултат на населувањето на источните народи во Америка“.

Па како источни народи на Европа биле Хазарите Евреи со својот Кавказ...

„За целите на оваа анализа, човечкиот род можеме да го поделиме на две основни раси: етиопска и палеарктичка. Палеартичката група понатаму се дели на Монголи и Кавкази, иако повеќето луѓе се некаде помеѓу овие две групи. Секоја раса има физички карактеристики приспособени на условите и потекнува од одредена географска локација. Етиопјаните, Африканци со темна кожа, најверојатна се најстарата раса и живеат во јужниот дел на Арабија и во Африка, јужно од пустињата Сахара. Палеартичкиот регион се состои од северна Африка, Европа, голем дел на Азија (освен јужна Арабија), Индија, југоисточна Азија и јужна Кина.

Според некои проценки, човечката миграција почнала од Африка кон Азија пред околу 1 милион години. Во Азија, најверојатно етиопјанската раса се поделила на Монголци и Кавказци, но немаме доволно податоци за да можеме да кажеме кога и зошто се случило оваа поделба“.

Северна Африка била дел на Левантот- на белата раса со крвна група 0 и А.

Каквазците биле Белци-на Кавказ биле населени и Црнци, познати Колхиди.

„Секоја од овие основни раси има своја татковина, географска област каде е најприсутна. Татковината на Етиопјаните била Африка, на Кавказите Европа и северна Азија, а на Монголите централна и јужна Азија“.

Бидејќи Јужна Африка била споена со Индија, Црнците од Африка биле со исто потекло со „на Монголите централна и јужна Азија“, а без белите Кавказци.

Па Црнците, Индијците и Монголите ја имале првобитната крвната група 0.

„Со преселување и со вкрстување на човечките групи се јавиле подгрупи на населенија кои живееле на границите на овие татковини. На пример, во пределот околу пустината Сахара, Блискиот Исток и Сомалија имало мешање на Африканци и Кавкази. Во Индија се јавило мешање на Кавкази и Монголци. Овие групи, кои подоцна се одделиле на безбројни, понекогаш привремени подгрупи. Биле изложе-

ни на влијанието на болести, исхрана и климатски услови. Подгрупите постоеле со илјадници години во просториите меѓу древните татковини. Иако како резултат на миграциите крвната група 0 се проширила насекаде низ светот, подоцнежните крвни групи се јавиле кај овие подгрупи на вкрстени раси.

Можеби има повеќе физички разлики меѓу Африканците и другите раси, но разликите меѓу крвните групи на Кавказите и Монголците се поистакнати, што е одличен повод за разгледување на расните стереотипи.

Би било погрешно да мислите дека првите луѓе со крвна група 0 биле примитивни. За време на кромањонскиот период имало поголем интелектуален развој отколку во било кој друг период. Кромањоните ги создале првите општества и ги поставиле првите ритуали. Иако генетското наследство на крвната група 0 потекнува уште од раната предисторија, таа сè уште е релативно успешна, што се должи на нејзината едноставност и на големата застапеност, дури и денес, на животински протеини во исхраната.

Првиот обид да се опишат расните и националните карактеристики со употреба на крвните групи бил од страна на брачниот пар лекари по име Хирсфелд, во 1918 г. За време на Првата светска војна и двајцата биле лекари на страна на Сојузничката војска што се наоѓала околу Солун. (Македонски фронт, Р.И.)

Додека работеле со мултинационална војска и многубројни бегалци со разновидно етничко потекло, Херсфилдови систематски ја внесувале крвната група, расата и националноста на пациентите. Секоја група имала над 500 испитаници.

Откриле на пример дека крвната група Б била застапена кај Англичаните со 7,2%, а кај Индијците 41,2%. Крвната група Б поретко се јавувала кај западно Европејците отколку кај балканските Словени, кај кои оваа група била поретко отколку кај Русите, Турците и Евреите, кои пак имале пониска застапеност од Виетнамците и Индијците. Дистрибуцијата на крвната група АБ имала слична застапеност, со најниско ниво кај западните Европејци од 3 до 5% и највисоко кај Индијците со 8,5%. Во Индија 8,5% од населението има крвна група АБ, што е неверојатно високо за ретка крвна група која во светот е застапена само 2 до 5%. Ваквиот висок процент на крвната група АБ веројатно се должи на местоположбата на Индија, која се наоѓа на патот меѓу основните западни држави и источната татковина на Монголците“.

Евреите со крвната група Б биле како Русите и Турците- со монголски удел.

Белците со крвната група 0 и А од источното Средоземие дошле во Индија.

„Случајот со крвната група 0 и А бил обратен од оној на Б и АБ. Крвната група А била застапена со околу 40% кај Европејците, балканските Словени и Арапите додека била доста ниска кај Африканците, Виетнамците и Индијците. 46% од тестираното англиско население имало крвна група 0, додека кај тестираните Индијци оваа крвна група била застапена со само 31,3%.

Современите податоци (кои претежно се засноваат на информациите од крвите дарители), вклучуваат анализи на повеќе од 20 милиони луѓе ширум светот. Но овие бројки само ги потврдуваат податоците на Хилсфелдови. Во тоа време ниту едно научно списание не ги објавило нивните резултати, и во текот на повеќе од 30 години овој важен научен беше занемарен.

Се чини дека нема голем интерес за откривањето на историјата на човештвото по пат на анализа на крвните групи.

Расна класификација врз основа на крвните групи

Во почетокот на дванаесеттите години неколку антрополози се потрудија да направат расна класификација врз основа на крвните групи. Во 1929 година Лоренс Снајдер објави книга со наслов Крвните групи во однос на клиничката и правната медицина. Во нив Снајдер предлага детален систем на класификација што се заснова на крвни групи. Интересно е што се заснива претежно на дистрибуцијата на крвните АБО групи, единствениот начин кој бил достапен во тоа време. Расната класифиација на Снајдер е следната:

Европска група: Честа застапеност на крвна група А, ретка застапеност на група Б, што може да е резултат на европското потекло на крвната група А. Оваа категорија ги вклучува Англичаните, Шкотите, Французите, Белгијците, Италијаните и Германците.

Средна група: Вид мешавина на западните (со висока застапеност на А) и централните (со висока застапеност на Б) европски населенија. Оваа група има највисок процент на тип 0 и ги вклучува Финците, Арапите, Русите, шпанските Евреи и Литванците.

Хунан група: Ориентална група со честа застапеност на крвна група А, што може да е резултат на кавкаско влијание и вклучува Украинци, Полјаци, Унгарци, Јапонци, румунски Евреи, Кореанци и јужни Кинези.

Индоманџуријанска група: Почеста застапеност на крвната група Б отколку А и вклучува Индијци, Роми, северни Кинези и Манџури.

Африканско-малазиска група: Малку поголема застапеност на крвната група А отколку Б, но најголем процент на крвната група 0. Оваа категорија ги вклучува жителите на Јава, Суматра, Африканците и Мароконците“.

Крвната група 0 била на темните раси, а крвната група 0 и А на белата раса.

„Пацифичко- американска група: Вклучува Филипинци, Индијанци од Северна и Јужна Америка и Ескими. Особено висок процент на крвната група 0 позитив и многу мал процент А, додека крвната група Б скоро и да не е застапена“.

Наследниците на темните раси со крвна група 0, а Индијанците биле Монголи со ДНК блиска на ДНК на Кореја и Тајванд, а мумиииите на белите Индијанци ја имале крвната група А со египетски хиероглифи, тн.грчко писмо итн. Ескимите се хранеле со риби со висок удел на незаситени масни киселини, спротивно на Белци.

„Австралиска група: Претежно се однесува на австралиските Аборицини и има висок процент на крвната група А (скоро исто како и западна Европа), висок процент (но не толку висок колку пацифичко-американската група) на крвна група 0 и ретки појави на крвната група Б“.

За да се појави крвната група А морало да има зараза од чумата на говедо, кое им припаѓало на белата раса, кај која предизвикала маласипаници. Австралијците немаат монголска коса и брада како јарец (едношилец) туку како на Белците.

„Миграцијата на првобитните луѓе кон климатски услови што не биле толку умерени резултирала во посветла кожа, помала коскена структура и порамна коса. Природата со текот на времето ги приспособила во новите предели на земјата што ги населиле. Луѓето отишле посеверно и развиле посветла кожа што била поотпорна на студот во споредба со темната. Посветлата кожа исто така била поспоспобна да го метаболизира витаминот Д во предели со пократки денови и подолги ноќи“.[17]

[17] Исто, стр. 30.

Се заклучува,темните имале поголема коскена структура во однос на белите.

Херодот, под III- 12, пиши: „Откако се распрашав кај тамошното население, видов многу необична работа. Имено, коските на оние што паднале во таа битка беа расфрлени, но одвоено на едните и на другите (коските на Персијанците лежеа одделно како што биле од почетокот одвоени, а на другата страна беа на Египќаните), и видов дека черепите на Персијците се така слаби, што, ако фрлиш само со камче, можеш да ги продупчиш, додека на Египќаните се така некако цврсти што и со голем камен да замавнеш, одвај би ги скршил.Причината за тоа, рекоа, е тоа што Египќаните-и, што се однесува до мене, јас лесно им поверував- почнувајќи уште од деца, си ги стрижат главите и коската, изложена на сончевите зраци, се стврднува. Благодарение на тоа, тие и не ќелават. Имено, во споредба со другите народи, најмалку можеш да видиш ќелави мажи меѓу Египтќаните. На тоа се должи, значи, цврстината на нивните черепи. А што кај Персијците черепите се слаби, ова е причината: од мали главите им се покриени зашто ги носат тие капи, тријарите. Дека е тоа така, видов. А тоа истото го видов кај Персијците и кај Папремис, каде што загинале заедно со Ахајмен, синот Дарејов, во борба со Либиецот Инар“.

Бидејќи се распаѓаат органските делови на коските, не може да се виде расата. Египќаните како војници имале Црнци, чии коски биле подебели од на Белците. Со тоа што и косата на темните е подебела, тие поретко ќелават отколку Белците.

„101. Полов однос сите овие Индијци за кои зборував имаат јавно, како животни. Бојата на кожата им е иста на сите, најслична на бојата на Ајтиопите...“.

VII-70: „Ајтиопите кои живееле на исток (во походот учествувале две ајтиопски племиња) биле во ред заедно со Индијците, а од другите Ајтиопи не се разликувале во ништо друго освен во говорот и косата; источните Ајтиопи имаат права коса, а оние во Либија- најкадрава коса од сите луѓе на светот. Тие Ајтиопи од Азија биле вооружени главно како Индијците, но на главата имале кожа одрана од челото на коњи, заедно со ушите и со гривата. Гривата им служела како гребен на шлем, а ушите од коњите стоеле црвсто исправени. Наместо штитови пред себе држеле кожи од жерави“.

Јужна Африка била споена со Индија- темните раси со заедничко потекло.

Според В.Ганонг,[18] долгите третирања со природни и синтетички MSH- препарати делува кај Црнците- веројатно со забрзување на синтезата на меланинотнивната кожа да потемни. Бидејќи ова не е случај кај Белците, овие немале врска со Црнците. Сè ова може да се потврти со наводот за Црнците во Атласот[19]: „Зарастувањето на брадата и телесното закосување слабо“. А.Тојбни за Монголите истакнува: „неговите прави чврсти влакна и тоа што таа е ретка освен на главата“. Па се потврдува заедничкото потекло на темните раси. Ова било спротивно на Белците со густа брада и тие биле обрастени по телото. Се наведе разлика дури и витаминот Д.

За Црнците во The Atlas of Mankind[20] стои: „Сончевата светлост која паѓа на кожата на телото му овозможува да го создава витаминот Д: мошне темната кожа ги отфрла поголемиот дел на сончевите зраци за кожата да би се заштитила од тропското сонце, ама во краевите каде што има малку сонце тоа може да предизвика недостаток на витамин Д“.

---

[18] W.F.Ganong (1979) ″Lehrbuch der Medizinischen Physiologie″, Springer- Verlag Berlin Heidelberg...

[19] DER GROSSE READER´ DIGEST WELT ATLAS (1966), VERLAG DAS BESTE G.M.B.H., Stuttgart- Zuerich...

[20] The Atlas of Mankind, © Mitchell Beazley Publishers and Rand NcNally & Company, 1982, на српски.

Herbert Went, во „Почнало во Вавилон“, пиши: Годината 1906 францускиот антрополог Лапиквус, африканските, азиските и океанските Црнци, ги сместил во една единствена затворена црнечка раса. Етнолозите одамна запазиле дека некои Папуи, или Негрити, се мошне слични со црниот Африканец. Луѓето со темниот тен, широкиот нос и одредената положба на влакната (на човечкото тело) антрополошки спаѓаат на иста група. Освен тоа, Црнците од Африка, Азија и Океанија имаат уште и некои заеднички особини во поглед на културата: од времето на матријархатот, верување на магии и во обожување на духови. Х.Џ.Велс пиши: „На андамските острови, мошне далеку од Австралија и од Африка, наидуваме на примитивни Црнци. Некоја жица скоро права црнечка крв може да се примети и во јужна Персија и по некои делови на Индија. Тоа се ‘азиски’ Негроиди. Малку или немалку докази биле дека сите црни луѓе, Австрилијанци, азиски Негриди и Црнци биле со едно исто потекло“. Се гледа заедничкото потекло на темните раси. Во прилог се додава дека Белците биле високи, а темните раси ниски. Во The Atlas of Mankind се наведува за Монголите со „ниско тело“, а за Бушманите и Хотентотите „ниски раст“. Вент кажува за „џуџести Бушмани“...„џуџести Негрити во подрачјата повлечени во западно- индиските малајски простори, Папуа на Нова Гвинеја“. Не само што Бушманот бил мал, поимот Пигмеј означувал припадник на мал по раст народ во Централна Африка. Нивна врска била со Индија и источно од неа. В.Џјурант пиши: Кинеските анализи од четвртиот век го опишуваат Јапонецот, како „патуљак“, со напомена дека „тие немале волови ни диви животни“. Ана Комнена пиши дека Печенецот бил мал патуљак во однос на крупниот Франк и тоа како печенски Пигмеј. О.Цирер вели Атила, кој бил кус човек. Потоа тој ги наведува Источните Готи: „Нивните кралеви потекнувале од родот на Амалите“. Амал (=а мал) означува само мал. Ова ни објаснува, Готите биле мали. Понатамну, тој за Готот Аларих, на страна 234, наведува: „малиот човек“. Тој продолжува: Хунот, духовен облик жолто видливиот патуљак на накострешен степски коњ. Готите обожувале Асенови богови, а Асен бил татарски=бугарски. Следи Готи=Татари=Хуни со својот Асен.О. Цирер пиши и за коњ „патуљак“-такви биле Монголите (Готите=Татарите=Хуните)

Кон ова да се додаде и влакнестиот покривач. Во Атласот се спомна: „во тропите, успеваат скоро без коса“. Ова не се совпаѓа со на животните на Белците, кои во поладните предели имаат и дополнителни влакна за заштита од студ.

Х.Џ.Велс[21] пиши: „Ама, меѓу бројните препреки и прекинувања...Во повеќето човечки подвидови во источна Азија и Америка, мада не кај сите, сега е заедничко: жолтастата кожа како кај биволот, правата црна коса, и често високи коски на лицето. Повеќето вроденици јужно од Сахара во Африка има црна или цркнаста кожа, сплоштени носеви, дебели усни и кадрава коса...“.

Се потврдува поврзаноста на исто генетско- географско подрачје на црната раса на луѓе со свои животни. Биволот бил монголско- индиско-афрички. Слонот бил индиско-афрички.Камилата им припаѓала на тие простори,како и магарето итн.

Бидејќи во Индија флората и фауната не содејствувала со белата раса, Белците таму дошле. Па имало темни Индијци и бели Европјани- без Индоевропјани.

Ова може да се потврди со биволот. Бидејќи тој им припаѓал на Монголите, Индијците и Црнците, а до новата ера дошол до Месопотамија, без Индоевропјани.

Следи кажаното укажува дека канибализмот бил поврзан со темните раси.

---

[21] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 61.

КАНИБАЛИЗМОТ НА ЦРНЦИ, ИНДИЈЦИ И МОНГОЛИ (ХЕРОДОТ)

Бидејќи Јужна Африка била поврзана со Индија, темните со исто потекло.

Во Преговорот, Хеленската историографија пред Херодот,[22] се наведува:

„Меѓу многуте уметности и науки ни ги оставил античкиот свет...

Посебно место во развојот на европската наука заслужува делото на Херодот...Историографијата почнува да се развива тогаш кога интересот за епот почнува да стивнува и кога Хелените излегуваат на светската сцена каде што доаѓаат во допир со источните народи, значи, на крајот на VII-от век и почетокот на VI-от век п.н.е., и тоа кај оние Хелени кај кои се развил и епот, т.е. кај малоазиските Јонци, се разбира под влијание на староисточните култури...Тие процеси земале посебен замав во Јонија. Со својот социјален и економски развој јонските градови, посебно Милет, биле далеку понапредни во споредба со полисите на Балканот...Секоја проза творба на самиот почеток кај Јонците се викала просто 'логос', што значи 'кажување', 'приказ', 'реч'...Најзначајни од помладите логографи бил Хеланик лезбјанинот, кој живеел приближно во исто време кога и Херодот и пишувал исто така на јонски дијалект, иако неговиот бил ајолскиот...".

„Биографските податоци за Херодот...431 г.п.н.е, како година на раѓањето на историчарот се добива 484 г. п.н.е. ... Херодот умрел меѓу 431 и 425 г. п.н.е. ...".

„Новелистичкиот став Херодот не го напушта...Што се однесува до јазикот, Херодот се јавува како претставник на јонскиот дијалект, уметнички стилизиран со додавање на старојонски елементи од Хомер, но и други поетски изрази и понекои атицизми".

Херодот пишел на јонски. Во македонскиот кралски двор од време на Архелај службен бил јонскиот, што продолжило сè до со Филип V и последниот Персеј.

Делото на Херодот во Александрија било преведено на коине- тој бил само Александријски Птоломејов јазик, со речник и граматик само од 300- та г. п.н.е.

Херодот, под II- 36, пиши: „Свештениците во други земји носат долга коса, а во Египет се стрижат...Половите органи ги оставаат како што се, освен оние што тој обичај го примиле од нив, а Египќаните се обрежуваат...

37. Бидејќи се прекумерно набожни, најмногу од сите народи, си вовеле вакви обичаи. Пијат од бронзени садови и ги мијат постојано, по цел ден, и тоа не само некој, а друг не, туку сите. Носат ленена облека, секогаш свежо испрана, и околу тоа најмногу настојуваат. Половите органи ги обрежуваат заради чистотија, претпочитувајќи поскоро да бидат чисти отколку убави. А свештениците на три дена си го бричат целото тело за да не им се најде на телото, додека вршат божја служба, ниту вошка ниту некоја друга гадинка...".

„103. Тоа правејќи го, минал преку целото копно, сè додека од Азија не преминале во Европа и не ги покориле Скитите и Трачаните. Мислам дека се тие најоддалечени народи до кои втасала египетската војска. Имено, и во нивните земји се среќаваат тие столбови, а понатаму веќе ги нема. Свртувајќи оттаму, тргнал назад и се нашол кај реката Фасис. Не можам со сигурност да кажам дали кралот Сесострид сам одвоил дел од своите трупи и таму ги оставил да се населат на таа земја или на некои од војниците им дошло преку глава неговото талкање, па си останале (околу реката Фасис).

---

[22] Херодотова историја, Завод за унапредување на стопанството на Р.Македонија, Скопје, 1998.

104. Излегува дека Колхите се Египќани. Тоа го зборувам доаѓајќи самиот до таков заклучок, уште пред да чујам од други. Бидејќи сакав да разберам, ги прашав и едните и другите, и се покажа дека повеќе Колхите се враќаат во спомените на Египќаните отколку Египќаните на Колхите. Египќаните рекоа дека тие Колхите ги сметаат потомци од Сесостридовие војници. Јас самиот заклучив и по тоа што тие се со темна кожа и кадрава коса. Па и со тоа не се доаѓа до којзнае што; и други има такви. Поголем доказ е тоа што единствени од сите народи Колхите, Египќаните и Ајтиопите отсекогаш си ги обрежувале срамните делови.Фојничаните и Сиријците, оние од Палајстина, самите признаваат дека тоа го научиле од Египќаните, додека Сиријците што живеат околу реката Термодонт и реката Партениј, а и Макроните, што се нивни соседи, велат дека не многу одамна го примиле тој обичај од Колхите. Од сите луѓе на светот единствено тие се обрежуваат,па излегува дека тие всушност го прават истото тоа што го прават и Египќаните. А од овие два народи, Египќаните и Ајтиопите, кој од кого научил, не можам да кажам. Во секој случај, тоа е еден стар обичај. А дека тоа другите народи го учеле кога доаѓале во допир со Египќаните, за тоа имам голем доказ. Имено, сите овие Фојничани, кои тргуваат со Хелада, веќе не го прават тоа што го примиле од Египќаните. Тие не ги обрежуваат срамните делови на децата што им се родиле подоцна“.

Обрежувањето било преземено од Црнците. Ова се потврдува што сè до денес Црнките се обрежуваат. Следи обрежувањето од Египет се проширило секаде.

III-38: „Според сето ова, мене ми се чини дека Камбис бил сосем растроен во умот. Инаку немало да оди на тоа да ги исмева и храмовите и обичаите. Зашто, кога би им се дало на сите народи да изберат и да кажат кои се најубави од сите обичаи, откако би ги проучиле, сите би ги избрале своите. Така, сите си мислат дека токму нивните обичаи се најубави. И, природно, никој не се потсмева со тоа, освен ако е луд. Дека така мислат сите народи за своите обичаи, има и многу други примери што го докажуваат тоа, а меѓу нив и овој. Дареј за време на своето владеење повикал Хелени од тие што биле таму и ги прашал за колкава сума пари би се согласиле да си ги изедат татковците кога тие ќе умрат. Хелените одговориле дека такво нешто не би направиле за никоја цена. Потоа Дареј повикал Индијци, таканаречени Калатијци кои своите родите ги јадат, и во присуство на Хелените преку толкувач, за да разберат и тие, ги прашал за колку пари би прифатиле да си ги изгорат родителите кога ќе бидат мртви. Тие надале голема врева и му рекле да внимава што зборува. Така е, значи, тоа со обичаите. Да, мене ми се чини дека Пиндар многу право кажал во песните кога вели дека обичајот е тој што управува со сите нас“.

„97. Тие биле сатрапиите и тоа биле даноците што морале да се полаќаат. Во врска со данокот, единствено ми остана неспомната персиската земја. Имено, Персијците живеат во земја неоптоварена со даноци. Има и други, пак, кои не морале да плаќаат никаков данок, но носеле подароци. Тоа се Ајтиопите кои се граничат со Египет, а кои ги покорил Камбис кога тргнал против Долговечните Ајтиопи и кои се населиле околу светата Ниса и приредуваат свечености во чест на Диониса. Тие Ајтиопи и нивните соседи се хранат со истото житно растение како и Калатајците од Индија, а живеалиштата се прават под земја. И Ајтиопите и соседите секоја трета година, уште и сега, во мое време, носат по два хојника суво злато, по двеста трупци абоносово дрво, по пет ајтиопски момчиња и по дваесет големи заби од слон. Колхите сами се обврзале да даруваат, и соседите, сè до планината Кавкас. Во

неа е границата на просторите што се под власт на Персијанците, додека на север од Кавкас уште не обрнуваат никакво внимание на Персијците. Оние, значи, уште и во мое време секоја петта година испраќаат дарови на кои се обврзале- сто момчиња и сто девојки. Арабите даваат по илјада таланти темјан секоја година. Освен даноци, значи, на кралот му се носат и тие дарови.

98. А тоа силно злато, од кое Индијците, како што е речено, му носат на кралот прав, го добиваа на ваков начин. На исток од индиската земја има пустиња. Индијците живеат најдалеку на исток од сите народи во Азија за кои се знае и за кои нешто сигурно се прикажува. Имено, од Индијците натаму, кон исток, поради песокта е пусто, ненаселено пространство. Индиски племиња има многу и тие не зборуваат ист јазик. Едни од нив се сточари, други не се, а некои живеат во речните мочуриша и се хранат со риба, и тоа сурови, што ги ловат движејќи се на чамци направени од бамбус. Еден чамец се прави од еден член од бамбус. Тие Индијци носат облека од лико. Откако од реката ќе окосат трска, ќе ја исчукуваат и потоа ја плетат како рогозина и ја облекуваат како оклоп.

99. Други Индијци, кои живеат на исток од овие, се сточари, се хранат со живо месо, а се викаат Падајци. Се прикажува дека имаат вакви обичаи: кога некој од луѓето снеможи, било жена или маж, ако е маж, го убиваат мажи, оние со кои е најмногу во дружба- велат, ако го разјаде болеста, ќе им се расипе месото. И да тврди дека не е болен, тие не го оставаат, туку го убиваат, и се гоштеваат. Ако, пак, снеможи жена, тие жени што најмногу живеат со неа го прават она исто што и мажите. А го колат и тој што ќе дочека старост, и си прават гозба. Но бидејќи бидуваат убивани од блиските, малку се оние што остаруваат. Имено, тие го убиваат секого и пред да западне во болест.

100. Други, пак, Индијци имаат друг, ваков начин на животот. Ниту убиваат нешто што има душа, ниту нешто садат, ниту имаат обичај да прават живеалишта. Се хранат со сурови растенија, а кај нив има и некое растение, некое како просо, и со таква големина. Тоа се зрнца во мешунки, така го јадат.[23] Кога некој од нив ќе се разболи, оди во пустината и лежи, а никој за него не се грижи ни кога умира ниту додека боледува.

101. Полов однос сите овие Индијци за кои зборував имаат јавно, како животни. Бојата на кожата им е иста на сите, најслична на бојата на Ајтиопите...“.

IV-26: „Се зборува дека Иседонците ги имаат овие обичаи. Кога ќе умре таткото на некој човек, сите роднини доведуваат добиток. Потоа, откако животните ќе ги заколат како жртви и ќе ги исечат на парчиња, го сечат телото на умрениот родител. Потоа целото месо го мешаат и приредуваат гозба. Главата, пак, на мртвиот ја оголуваат од влакната, ја исчистуваат и ја позлатуваат и потоа ја чуваат како нешто свето принесувајќи ѝ секоја година големи жртви. Секој син тоа му го прави на татка си, како што Хелените ги прават годишните помени.[24] Инаку, се зборува дека и тие се справедливи. Жените кај нив се сосем рамношравни со мажите.Значи, за Иседонците постојат веродостојни податоци“.

Наведеното се обичаи на Монголите и Индијците-да не се изумат и Колхите.

Од Источна Азија Монголите се селеле кон Запад- тие дошле на Кавказ итн.

---

[23] Белците стигнале во Индија, каде донеле свои култури. Пак, Александар Македонски заприметил иста сорта грав и ист крокодил кај реката Инд и Нил. Следи врска на Инд со Нил- и со слон, бивол...

[24] Многу нешта Хелените презеле од Месопотамија каде имало Црнци со канибалистички обичаи...

„61. Бидејќи во скитската земја има страшно малку дрва, се досетиле на овој начин да го варат место. Откако ќе го одерат животното, го тргаат месото и така коските ги соголуваат. Потоа распарченото месо го ставаат во некој тамошен вид котел, што е најсличен на лезбјанските кратери, само што е многу поголем. Месото, значи, го варат сложено во него, а под котелот ги запалуваат коските од жртвеното животно. Ако случајно немаат при рака котел, целото месо го ставаат во желудникот на добиточето, додаваат вода и одоздола пак ги потпалуваат коските. Тие горат многу убаво. Во желудникот има доволно место за месото од кое се извадени коските. Така, говедата сами себеси се варат, како и другите жртвени животни. Секое само си се вари. Кога месото е сварено, тој што го приредува жртвопринесувањето најпрвин му посветува на богот парчиња месо и дроб така што ги става пред себе. Жртвуваат и друг добиток, но најчесто коњи.

62. На другите богови им жртвувале на тој начин и таков добиток, а на Ареја поинаку. Во секоја управна област, на коишто е поделена скитската земја, на Ареја му имаат издигнато вакви светилишта. Снопови од суви гранки ставаат на куп, кој и во должина и во ширина изнесува по три стадија, а во височина помалку. Над тоа се прави четириаголна платформа.Три страни од тоа брдо од гранки се стрмни, а по едната човек може да се искачи. Секоја година довезуваат по сто и педесет коли суви прачки. Под влијание на дождовите и ветровите тие купишта постојано се улегнуваат и се смалуваат. Во тој куп во секоја област се забодува старински железен меч. Тоа е она што го претставува Ареја. На тој меч еднаш годишно му принесуваат жртви- рогат добиток и коњи, а освен тоа, му се жртвува и друго, повеќе отколку на другите богови. Од секоја стотина заробени непријатели по еден му се принесува како жртва на Ареја, но не на ист начин како добитокот, туку поинаку. Откако врз главата ќе му прелеат вино, човекот го колат на еден сад. Потоа садот го качуваат на брдото, она од прачките, и крвта ја излеваат врз мечот. Крвта, значи, се однесува горе, а на подножјето на светилиштето го прават ова. Го отсечуваат десното рамо, заедно со раката, од сите заклани мажи и сите тие ги фрлаат високо во воздухот, а потоа, откако ќе го заколат и добитокот што се жртвува, се разотидуваат. Рацете на жртвуваните луѓе каде што паднале таму остануваат, разделени од труповите.

63. Тие жртвувања се установени кај Скитите, а свињи немаат обичај да жртвуваат. Нив во таа земја вооопшто не сакаат ни да ги одгледуваат.

64. Што се однесува до воените обичаи, кај нив вака стојат работите.Скитот, кога за првпат ќе убие маж, се напива од неговата крв. Главите, пак, на сите оние што ќе ги убие во битка, му ги носи на кралот. Имено, ако однесе глава, добива дел од воениот плен што го ограбиле. Ако не однесе, не добива. Главата ја дере на овој начин: кожата ја расечува кружно во висина на ушите и, фаќајќи ја главата цврсто со раце, ја истргнува од кожата. Потоа, откако ќе го иструже месото со ребро од говедо, кожата ја гмечи со раце и таа омекнува. Така омекната, ја употребува како крпа за раце. Ја обесува на уздите на коњот што го јава и со тоа се гордее.Кој има најмногу такви кожи- крпи, тој се смета за најдобар воин. Многумина од нив од одраните кожи прават горни палта за наметнување сошивајќи ги како кожуви. А многумина ги одеруваат сосе нокти десните раце од мажите непријатели, кога се веќе жртвувани, и си прават капаци за своите тулови. Кожата од човек беше и дебела и сјајна, од сите кожи речиси најсјајна поради белината. Голем број Скити ги дерат ма-

жите цели и, откако ќе ја оптегнат кожата на дрво, така јавааат носејќи ја со себе. Што се однесува до тоа, такви им се обичаите.

65. Со главите, не на сите, туку само на најголемите непријатели, прават вака. Откако со пили ќе го остранат сето она што е под веѓите, черепот го исчистуваат. Потоа, ако е некој сиромашен, на черепот од надворешна страна му оптегнуваат само сурова воловска кожа и така го употребува. И тој што е богат исто така го обвива однадвор со сурова воловска кожа, но тој го позлатува одвнатре и потоа се служи со него како со пехар. А тие тоа го прават и со главите на родните доколку им станале подоцна непријатели или пак ако едниот се здобил со подобро место кај кралот од другиот. И кога ќе им дојде на гости некој од оние чиј збор има тежина, тие глави ги покажуваат и потцртуваат дека тие роднини им биле непријатели и дека тие ги совладале. Тоа го прикажуваат како доблест и јунаштво.

66. Еднаш годишно секој управник на областа во својата општина изнесува врчва со вино од кое пијат само оние Скити што имааат одземено живот на непријател. На оние што немаат извршено такво дело не им е допуштено да вкусат од тоа вино, туку, непочестени, остануваат настрана. Тоа за нив е најголем срам. Тие што имаат убиено многу голем број непријатели пијат истовремено од две чаши“.

Стјепан Антолјак[25] пише: „И додека Никофор со својата разулавена и недисциплинирана војска напредувал кон Сердика, Крум како наемници зел Авари и од околните склавинии, т.е. Словени од околните склавинии, како што пишува оној византиски анонимен писател од IX век.

Тоа биле оние склавинии, кои номинално ја признале власта на Византија, а меѓу нив секако бил и еден дел македонските склавини. Вооружувајќи сѐ што било способно за војна (па и жените), Крум ненадејно ги нападнал Византијците рано в зори (на 26.VII 811 г.) додека тие спиеле и им нанел страшен пораз. Овде загинал и т.н. ‘непријател на мирот’ Никофор, чиј што череп Крум го обложил со сребро и им дал на кнезовите Словени од негода пијат“.

Крум бил Бугарин=Татарин, чиј народен јазик бил татарски=чувашки. На просторите на Бугарите=Татарите биле Готите,а Татари или Хуни биле Монголите.

Херодот, под IV-106, пише: „Андрофагите имаат најсурови обичаи од сите племиња. Справедливоста ним ништо не им пречи ниту имаат некаков закон. Сточари се. Облека носат слична на скитската, а говорот им е посебен. Од сите овие племиња единствени тие се човекојадци “.

НА БИБЛИСКИТЕ ПРОСТОРИ ЖИВЕЕЛЕ ДВЕ РАСИ: БЕЛЦИ И ЦРНЦИ

Петер Адамо[26]вели: „За целите на оваа анализа, човечкиот род можеме да го поделиме на две основни раси: етиопска и палеарктичка...Етиопјаните, Африканци со темна кожа, најверојатна се најстарата раса и живеат во јужниот дел на Арабија и во Африка, јужно од пустињата Сахара...“.

„Со преселување и со вкрстување на човечките групи се јавиле подгрупи на населенија кои живееле на границите на овие татковини. На пример, во пределот околу пустината Сахара, Блискиот Исток и Сомалија имало мешање на Африканци и Кавкази...“.

---

[25] Стјепан Антолјак, Средновековна Македонија, том први, Мисла Скопје, 1985, стр. 185.
[26] Петер Џ. Д’ Адамо и Катерина Витни, Крвни групи и исхраната,Кал. фитнис 1996-Скопје, стр.356.

Х.Ц.Велс[27] пише: „Такви промени на населбите, такви номадски освојувања, утанчености, поново нови освојувања, и поново утанчености, што е сè повеќе вочливо по таа мена на човечката историја, нарочито се запазува во пределот околу Тигар и Еуфрат, кој е отворен од секоја страна пред оние големи простории што ниту се доволни суви да би биле пустињи, ни доволно плодни на нив да би се развила просветено население. Прв народ што можда образувал први градови во тој дел на светот бил народ Сумерци. Тој народ бил составен веројатно од црнопурасти луѓе сродни со Иберците или Дравидите. Сумерците се служеле со некој вид писма кои би ги врезувале во иловача, и таа нивна азбука е дешифрирана. Нивниот јазик бил сличен пред некласификованите кавказаки јазични групи отколку и со еден друг сегашни јазик. А тие поново јазици би можеле да се доведат во врска со баскискиот, и би можеле да претставуваат она што некогаш била нашироко распрсната примитивна јазична група, која се пружала од Шпанија и западна Европа, па до источна Индија, и допирала на југ до средна Африка.

Ископувањата кои ги вршел во текот на недавната војна капетанот Р. Кампбел Томсон во Еруду, откриле една рана неолитска земјоделска состојба уште пред пронајдувањето на пишењето и употребата на бронза. Во тоа пре-сумерско доба веќе се жнеела жетва со српови од иловача.

Сумерците ја бричеле главата и носеле проста волнена облека слична на туниката. Најпрво се населиле по долниот тек на големата река и недалеку од Персискиот Залив, кој се пружал во тоа доба за околу двеста и повеќе километри понатаму од својот сегашен врв. Сејс, во своето дело Вавилонски и асирски живот, мисли дека на 6500 години пред Христа Ериду се најдувал на морскиот брег. Сумерците ја појачувале плодноста на своите полиња, пуштајќи низ прокопите да брза вода, те така тие постепено постанаа мошне вешти хидротехнички инжинери. Имале добиток, магарења, овци и кози, ама не и коњи. Од нивните групици блатнени колиби создале градови, со храмови во облик на кула“.

„Од оние народи што семитски говореле,се појавија на западниот крај на таа земја номадски племиња, кои тргувале, се бореле и робеле Сумерци низ многу нарастувања. Тогаш најпосле се подигнува меѓу тие Семити еден голем водач, Саргон (2750. година пред Христа) кој ги обедини, те не само што ги покорил Сумерите, туку и своето владеење го проширил од Персискиот Залив на исток до Средоземно Море на запад. Самиот негов народ се викал Акадци, неговото царство е наречено сумерско- акадско царство.

Од доба на Саргон па до четвтиот или третиот век пред Христа, а за време од пред две илјади години, семитските народи имале првенство на скоро сиот блиски исток. Само, мада Семитите победиле и дале крал на сумерските градови, попростата семитска образованост ја надјачала сумерската просветеност. Дојденците ја научиле сумерската азбука (‘климатска’) и сумерски јазик, не воспоставувајќи никаква сопствена азбука. За тие варвари сумерскиот јазик постанал обележје на знаење и моќ кај варварските народи во Европа на Средниот Век. А таа сумерска наука располагала голема животна снага, оти нејзината судбина била да помине низ долги низови на војни походи и промени, што отпочнаа сега во долината на тие две реки“.

Па следи Сумерците биле Белци, а Акадците Црнци- „црноглави странци“.

[27] Herbert George Wells, Историју света, 1929, Народно дело, Белград, стр. 76.

„Кога народот на сумерско-акадско царство ја изгуби својата политичка и војна чврстина,започнаа од исток свежа навала на еден војноборен народ, Еламити, додека од запад насрнаа семитските Аморикани, те така тие меѓусебе го згнечиле сумерско- акадското царство. Еламитите биле народ со непознат јазик и раса, 'ни Сумери ни Семити', како што кажува Сејс. Средишниот град им бил Суза. Нивната археологија во поголем дел претставува уште неоткопан мајдан. И како за тоа вели Х. Џонстон, држи дека тие по свој тип биле негроиди. А една јака негроидна жица стварно и постои кај современото население на Елам. Амориканите, пак, биле од она исто стебло од кој и Аврам се позните Евреи. Амориканите се населиле најпрво таму каде се најдувало едно градче на горниот тек на реката, по име Вавилон. После стогодишно војување тие постанаа господари на сета Месопотамија под кралот Хамурабиј (2100. г. пред Христа), кој го засновал првото вавилонско царство.

А тогаш поново настана едно време мир и безбедност, со опаѓање на вистинското јунаштво, додека не почнаа по другите стогодини нови номади да ја преплавуваат Вавилонија, донесувајќи со себе коњи и војни двоколки, и воспоставувајќи го во Вавилон сопствен крал. Тоа сега биле Касити.

Горе уз Тигар, повеќе глинеста земја, каде прирачно погодни камења за клесање, уште додека Семитите не ги покориле Сумерите, еден семитски народ, по име Асирци, заснова неколку градови, меѓу кои главни биле Асур и Нинива. Нивниот посебен израз на лицето со долг нос и дебели усти бил мошне сличен на простиот тип на денешните полски Евреи. Носеле голема брада, долга коврџава коса, висока капа и долга хаљина. Непрестално со Хитите на запад взаемно се плачкале; а еднаш ги победил Саргон I ама поново се ослободија. Некое време нивната престолнина Нинива ја држел некој Тушрат, крал митански. Со Египет правеле сојуз против Вавилонија и биле египетски платеници. Војната вештина ја подигнале до висок степен, те така постанаа моќни плачкаши и почнаа да собираат данок. Најпосле, усвоија коњи и војни двоколки, се пресметувале за извесно време со Хетитите, те најпосле го освоиле под Тиглат- Пилесер I. Вавилон (околу 1100. год. пред Христа). Само што власта не се чуствувала сигурна на пониската постара и просветена земја, те затоа ја задржале како своја престолнина Нинива, тој семитски камен град, за разлика од Вавилон, семитски циглен град. Низ многу векови се колебала власта измеѓу Нинива и Вавилон, те час е каков Асирец, а час каков Вавилонец бил во состојба да изјавува како тој е 'крал на светот'.

След еден нов притисок од север, и поради населување на една нова група семитски народи, Арамејци, чиј главен град бил Дамаск, и чии денешни потомци се Сиријците, Асирија низ четири века не можела да се шири кон Египет. (Овде би можеле да приметиме како нема никаква врска вопшто измеѓу зборот асирски и сириски. Тоа е само случајност.) Асирските кралеви преку тие Сиријанци се бореле за надмоќ и продирање во југо-западен правец. Годината 745. пред Христа се појавил еден друг Тиглат Пилесер, Тиглат Пилесер III. Тиглат Пилисер од Библијата (II Книга Кралеви- XV 29. и XVI 7. и тн.). И не само што тој наредил селидба на Израилците во Медија (оние 'Изгубени Десет Племиња', чија судбина ги занимала толку радознали умови), туку победил и владеел со Вавилон, засновајќи го она што во историјата е познато како Ново Асирско Царство. Неговиот син, Шаманесер IV (II Книга Кралеви- XVII 3.) умрел за време опсадата на Самарија, и го наследил еден расипник, кој, во намера да ѝ поласка на вавилонската чуствителност, зел

старо акадско- сумерско име Саргон II. Тој изгледа прв пат ја наоружал асирската војска со железно оружје. Веројатно дека Саргон II. вистински спровел префрлување на оние Десет Племиња, на основ наредбата што ја издал Тиглат Пилесер III.

Вакво преместување на населението постанало мошне одреден дел на политичките начини во новото асирско царство. Целокупните народи, кое било тешко да се наоружат во нивната родена земја, се префрлувале во непознати краишта и меѓу туѓите соседи, каде една надеж за опстанок можела да лежи во покорноста пред највисоката сила

Саргоновиот син, Сенахариб, ги повел асирските чети на египетската граница. Тука Сенахерибовата војска ја сотрела чумата, и таа пропаст е опишана во деветнаесеттата глава Втора Книга Кралеви:

‘И се случи таа ноќ да слезе ангелот Господен, и ошина во логорот асирски сто и осумдесет и пет илјади; и кога станале тие рано другот утро, се гледа секаде лежеа мртви тела. Така отишол Сенахериб крал асирски, и се повратил, те живееше во Нинива.

Да го убијат најпосле неговите родени синови.

Сенахерибов внук, Асурбанипал (кого Грците го нарекле Сарданапал), успеал после да победи и некое време владее со долен Египет.

После Саргон II асирското царство траело само сто педесет години. Против него се здружиле свежи номадски Семити кои доаѓаа од југо-истокот, Халдејци,кои од север ги потопомгнувале два народи со ариски говор, Медијци и Персијци, те 606 година пред Христа ја зазедоа Нинива. И сега прв пат се појавуваат во својата историја народи кои говорат ариски. Тие слегуваат од северо-западните рамници и планини како жилави и војноборни групи племиња. Некои од нив одат во југоисточна Индија, носејќи со себе еден ариски диалект кој попозно се развил во санскритски, а други се вртат на старата просветеност. До сега номадските победници на земјоделските земји биле Еламити и Семити; а сега Аријани земаат на себе за некој шест векови победничка улога. Еламитите, пак, изчезнуваат од историјата.

Халдејското царство, со својата престолнина во Вавилон (Второ Вавилонско царство), траело под Небухадбезар Велики (Хебухаднезар II) и неговите потомци до 538. година пред Христа, кога подлегло пред нападите на Кир, основач на персиската моќ.

И така приказната се продолжува. Во 330. година пред Христа, како што тоа подоцна со повеќе поединости ќе го раскажиме, го посматрал еден грчки освојувач, Александар Велики,[28] убиеното тело на последниот персиски владетел.

Историјата на просветеноста околу Тигар и Еуфрат, за која до сега сме дале само прост извод, историјата е на наизменични освојувања, каде при прилика секое освојување старите господари и владеачките редови се заменувале со нови. Расата, како сумерска и еламитска, се претопувала, а јазиците им изчезнуваат. Асирците се претопуваат во Халдејците и Сиријците, Хитите ги губат своите обележја, Семитите, кои ги проголтеле Сумерците, им отстапуваат на тие нови господари од север. Медиците и Персијците се појавуваат место Еламитите, и арискиот персиски јазик владее над тоа царство сè додека ариски грчки не го исфрли од службена употреба.

Меѓутоа, од година во година ралото ја врши својата работа. Собирајќи се жетвата, градежниците градат како што му се порачува. Занаетчиите работат и доа-

[28] Никогаш немало „грчки освојувач, Александар Велики“. Па тој бил само единствено: македонски.

ѓаат сè до нови изуми. Се шири науката за пишење. Новости, коњ, кола со тркала и железото, се воведуваат и постанува дел на важното човечко наследство. На морето и по пустињите се зголемуваат количините на човечкиот промет, се прошируваат човечки појмови и се развива знаењето. Местимично се чини по кој чекор на назад, какви колежи, какви чуми; ама, историјата како целина непрекинато се проширува. Таа нова просветеност, која пуштила свој корен во пределот околу оние две реки, израснала низ четири илјади години како што би нараснало како дрво, губејќи сега една гранка, сега ја слиштуваме со бурата, ама секогаш растејќи и започнувајќи наново да расте. Се менувала владеачката раса; се менувал јазикот, ама развитокот останал битно ист. И после четири илјади години војниците и освојувачите уште секогаш срљат таму ваму низ неа, не разбирајќи ја, додека таа се развивала, и додека луѓето за тоа време (до 330. год. пред Христа) дошле веќе и до коњ, железо, азбука, пресметување, пари, далеку поразновидна храна и тканина, подалеку пошироко познавање на сè на светот отколку што тоа било кај Сумерците.

Времето поминало од доба на царството на Саргон I па до победата на Александар Велики над Вавилон, било, тоа да го нагласиме, како што долго време од Александар Велики до нашето доба. И пред времето на Саргон I луѓето биле населени по сумерската земја, живееле во организирана заедница со уредени земјоделски живот, и тоа бар за исто толку долго доба. Кога Ериду, Лагош, Ур, Изин и Ларса се појавуваат во историјата, по нив веќе е брзкрајна минатост.

И на писателот и на читателот му е најтешко да ја сфатат смислата на тие временски разлики. Половина на текот на целокупната човечка просветеност, како и клучевите на сите нејзини главни установи, треба да се побараат во добата пред Саргон I.

Напоредо со старите почетоци на просветености во Сумер се случувало слично и во Египет. Уште е нерешено прашањето кое од тие два почетоци бил постар или докаде им било заедничко потеклото и дека не случајно произлегле едни од други.

Историјата на нилската долина од почетокот на својата попозна историја па до времето на Алексдандар Велики била мошне слична на вавилонската историја. Ама, додека Вавилон бил отворен од секоја страна на навали, Египет бил заштитен од запад со пустиња, од исток со пустиња и море, а на југ имал само црнечки народи. Неговата историја спрема тоа е помалку испрекината со наезди на туѓи раси отколку што е случај си историјата на Асирија и Вавилон. И сè до пред осмиот век пред Христа, кога паднал под една етиопска династија, кога во неговата историја би се појавил каков освојувач, тој освојувач доаѓал преку суецки земјоуз од Азија.

Остатоци на каменото доба во Египет не се со сигурен датум. Меѓу нив има палеолитски како и неолитски остатоци. Не е сигурно дали неолитските пастири, чии тие остатоци, биле непосредни предци на попозните Египќани. Во многу нешто тие од своите следбеници сосем се разликувале. Ги сохранувале своите мртви; ама пред што би ги сохраниле, би ги исекле телата и очевидно јаделе некои делови. Тоа го правеле, изгледа од некое чуство на почитување спрема покојникот. Како за тоа вели Флајндерс Питри, ‘мртвите ги јаделе од почести’. Можда преживеаните се надевале дека така ќе задржат некој остаток од онаа снага и врлина што со нив изчезнале. Траги на слични дивјачки обичаји се најдени и во други могила расеани по

западна Европа при прилика ширење на ариските народи,а такви обичаји се распространети и по црнечка Африка, каде почнува да изчезнува тек во денешно доба“.

Канибализмот бил наследство на темните раси (Црнци,Индијци и Монголи).

„Околу пет илјади години или и порано пред Христа изчезнуваат трагите на тие примитивни народи, и на позорница се појавуваат први Египќани. Првиот народ напоредно бил низок степен на култура и градел колиби; подоцна веќе бил попросветен неолитски народ, ѕидал згради од опеки и дрво, место првобитните колиби, и употребувал камен. Наскоро потоа преминаа на бронзено доба. Се служеле со пишење со помош на слики, кои биле исто толку развиени како и сегашната азбука кај Сумерите. Веројатно во горен Египет провалил преку Аден од јужна Арабија некој свеж народ, кој мошне споро продирал кон делтата Нил. Др Валис Баџ говори за нив како за ‘освојувачи од Истокот’. Ама, нивните богови и нивните обичаи, како и нивното во сликите пишања, биле всушност многу подругчие од сумерските. Една од најраните познати божествени фигури есте фигурата боженски воден коњ, кој веќе само со тоа сосема е одредено афрички“.

Се потврдува, од Месопотамија сосе Египет била присутна црната раса луѓе.

„Нилската глина не е онака фина и пластична како сумерската, те Египќаните не ја ни употребувале за пишење. Само, место тоа почнале рано да се служат со листови од папирусова трска, од чие име и настанал сегашниот збор ‘папир’. Асирците при пишење се служеле со каков шилец или така изрежан печат, да остава клинести втисоци; Египќаните поново пишеле со четка, на која и должиме за далеку поголем израз овој друг начин на пишење.

Широките црти на египетската историја се попрости отколку што е случај во месопотамската историја. Давно веќе влегло во обичај египетските владетели да се делат во низ династии, и кога е говор за добите на египетската историја, обично се споменува првата, четвртата, четиринаесеттата и т. р. династии. Персијците после своето воспоставување во Вавилон најпосле ги победиле Египќаните. Кога најпосле 332. година пред Христа Египет паднал во рацете на Александар Велики, се завршила и владата на XXXI династија“.

„Робовите уште од најрани времиња се употребувани и да веслаат по галите, мада Тор (Старате Лаѓа) вели дека до Периклово доба (450. година пред Христа) не беа ни слободни Атињаните од тоа поштедени. Владетелите пронашле уште дека робовите се згодни и за нивните војнички превземања. Тоа беа луѓе без свое сопствено огниште,така не би имале разлог да дрдорат што не ги пуштат по куќите, оти немале ни дом во кој би се вратиле. Фараоните обично ловеле робови по Нубија како за своите походи во Сирија би имале црначки трупи. Во блиските врски со тие робовски трупи стоеле најамнички варварски трупи, кои владетелите ги земале во своите служби, и тоа не со вистинска сила, туку со подмитување, храна и плачка, и под тегоба оскудица. Во колку старата просветеност се развивала, со тоа повеќе најамничките армии го заменувале упишувањето на народот во војска, како што тоа било порано, додека во економскиот поредок постоела ропска работа во грпи сѐ поважен и позначаен чинител. Од рудникот, од каналот и од подигањето на ѕидовите преминале ропските чети и на земјоделство. Благородниците и храмовите почнаа да употребуваат на своите добра робови...“.[29]

Се говори за Белци и Црнци. Двете раси имале свои одвоени обичаји итн.

[29] Исто, стр. 115.

Се наведе: „Фараоните обично ловеле робови по Нубија како за своите походи во Сирија би имале црначки трупи“. Па се говори за Црнци како црнечки трупи.

Се повторува дека темните раси биле канибалисти- си ги јаделе дури своите.

„Остатоци на каменото доба во Египет не се со сигурен датум...Ги сохранувале своите мртви; ама пред што би ги сохраниле, би ги исекле телата и очевидно јаделе некои делови. Тоа го правеле, изгледа од некое чуство на почитување спрема покојникот. Како за тоа вели Флајндерс Питри, ‘мртвите ги јаделе од почести’...“.[30]

„Околу пет илјади години или и порано пред Христа изчезнуваат трагите... нивните богови и нивните обичаи, како и нивното во сликите пишања, биле всушност многу подругчие од сумерските. Една од најраните познати божествени фигури есте фигурата боженски воден коњ, кој веќе само со тоа сосема е одредено афрички“.

Се потврдува, од Месопотамија сосе Египет била присутна црната раса луѓе.

Во Северна Африка сѐ до со Месопотамија живееле покрај Белци (Сумери и Египтјани со закосени очи)[31] и Црнци- Црнци биле Акадците, според авторите, „црноглави странци“. Тие си имале свои одвоени јазици,со кои тие меѓусебно општеле.

Во прво време се пишело одвоено, потоа заедно, и биле создадени дворасни јазици со пелазгиски слова-на Белците. Како староегипетски дворасен бил сиријски арамејски јазик. Од арамејски бил новоперсиски по 515 г.п.н., а од староегипетски коине од 300 г.п.н.е. За време на Птоломеите бил реформиран староегипетски и бил создаден коптски јазик со кого говореле фараоните пред да биде вклучен староегипетски јазик. Бидејќи Египтјаните и Сумерите имале исто потекло од Левантот, тие биле еден ист бел народ со ист јазик. На нивните простори се појавило еврејството.

Египтјаните како Белци не биле канибалисти- канибалсти биле Црнците.

ЕГИПТЈАНИТЕ КАКО БЕЛЦИ НЕ БИЛЕ КАНИБАЛИСТИ (ХЕРОДОТ)

Египјаните како Белци со закосено очи жртвувале животни, а никако луѓе.

Херодот, под II- 41, пиши: „Сите Египќани жртвуваат бикови и телиња, а крави не смеат да жртвуваат, зашто тие ѝ се посветени на Исида. Кипот на Исида претставува женски лик со бикови рогови, исто како што Хелените ја прикажуваат Ио. Сите Египќани, без исклучок, од секој друг добиток најмногу ги почитуваат кравите. Поради тоа ниту маж Египќанец ниту жена никогаш не би бакнале Хелен в уста, ниту се служат со нож, ниту со шиш, ниту со грне што му припаѓа на некој Хелен. Нема да касне ни месо, дури и од чист бик ако било исечено со хеленски нож. Пцовисаните говеда ги погребуваат на овој начин: кравите ги пуштаат по реката, а воловите сите ги закопуваат во предградијата, и тоа така што едниот или двата рога им стрчат за да се обележи местото. Кога ќе изгнијат и ќе помине едно определено време, во секој град доаѓа сплав од островот што се вика Просопитида. Тој остров е на Делатата и неговиот обем изнесува девет схојна. На тој остров Просопитида има многу други градови, а оној од којшто се сплавовите за однесување на коските од говедата се вика Атарбехис. Во него има свет храм на Афродита. Од тој град тргнуваат едни луѓе во едни други градови и тие, откако ќе ги откопаат, сите коски ги закопуваат на едно место. На ист начин како говедата го погребуваат и

[30] Исто, стр. 80.
[31] Ристо Ивановски, Македонците постари од библиските Ездра-Евреи, Битола, 2017.

другиот добиток кога ќе пцовиса. И за нив си установиле такви обичаи. Домашните животни тие не ги убиваат.

42. А оние што го почитуваат Зевс Тебантски или живеат во Тебанската област, сите тие не жртвуваат овци, туку кози. Не почитуваат сите Египќани исти богови. Заеднички им се само Изида и Осирис, за кого мислат дека е Дионис. Нив сите еднакво ги почитуваат. Оние пак што го почитуваат Мендет или живеат во мендејската околина на жртвуваат кози, туку овци. Тебанците и другите кои, преземајќи го тоа од нив, не жртвуваат овци велат дека тој обичај си го вовеле ова. Херакле во секоја цена сакал да го види Зевса, а Зевс не сакал да биде виден од него. Бидејќи Херакле постојано молел, Зевс најпосле го смилил ова. Откако одрал еден овен, му ја отсекол главата и си ја ставил на својата глава, а го навлекол и руното и таков му се покажал на Херакла. Оттогаш Египќаните и Амонијанците кои се доселеници и од Египет и од Ајтиопија и кои зборуваат некој мешан јазик од двата. Јас мислам дека Амонјанците по ова го добиле името: Амон Египќаните го викаат Зевс.Од оваа причина, значи, Тебанците ги сметаат овните свети и не ги жртвуваат. Сепак, во еден ден во годината, на празникот на Зевс, колат еден овен и, откако ќе го одерат, на ист начин како што направил богот, главата и руното му ги навлекуваат на Зевсовиот кип и потоа пред него го донесуваат кипот на Херакле. А откако ќе го направат тоа, сите што се околу светиот бик се удираат в гради, а потоа овенот го погребуваат во света гробница.

43. За овој Херакле сум чул приказна дека бил еден од дванаесетте богови. А за оној Херакле, когошто го знаат Хелените, никаде во Египет не можеше да се чуе ништо. И дека Египќаните не го презеле тоа име (на Херакле) од Хелените, туку поскоро Хелените од Египќаните и дека тоа се тие Хелени кои му ставиле име Херакле на Амфитрионовиот син, јас имам многу докази дека е тоа така. Меѓу нив и тоа што родителите на тој Херакле биле Амфитрион и Алкмена, а тие од дамнина влечат лоза од Египет. Потоа, Египќаните велат дека не ги знаат имињата ниту на Посејдон ниту на Диоскурите, ниту тие богови ги имаат примено меѓу другите свои богови. Ако тие презеле име на некое божество од Хелените, за тоа требаше не бледо, туку сосем добро да се сеќаваат, како што јас мислам и како што ме учи паметот, ако уште тогаш Египќаните се занимавале со морепловство, а и некои Хелени биле морепловци. Јасно е дека Египќаните поскоро ќе ги научеле имињата на тие богови отколку на Херакле. Туку Херакле е некое старо египетско божество. Како што самите кажуваат,тоа било седумнаесет илјади години пред да завладее Амасис, кога од осум станале дванаесет богови, меѓу кои сметаат дека било и Херакле.

44. Сакајќи да дознам за тие работи нешто сигурно од оние од кои можеше да се дознае, отпловил во Тир, во Фојникија, зашто бев разбрал дека таму има храм што му е посветен на Херакле. Го видов храмот богато дотеран и со многу други украси, а имаше и два столба од кои едниот од суво злато а другиот од смарагд што ноќе силно светеше. Кога стапив во разговор со свештениците на тој бог, ги прашав колку време има откако е изграден тој храм. Открив дека ни тие не се согласуваат со Хелените. Рекоа дека тој храм е изграден кога е основан градот Тир, а откако е населен Тир има две илјади и триста години. А во Тир видов и друг храм на Херакле, кого го викаат Херакле Тасиски. Тогаш отидов и на островот Тасос. Таму најдов храм на Херакле изграден од Фојничаните кои го подигнале кога испловил на Тасос барајќи ја Европа. А тоа се случило пет човечки поколенија пред да се појави

во Хелада Херакле, синот Амфитрионов. Истражувањата јасно покажуваат дека Херакле е старо божество. Затоа јас мислам дека најисправно постапиле оние Хелени кои им изградиле храмови и почитуваат две божества со име Херакле, па на едниот му жртвуваат како на бесмртен олимписки бог а на другиот како на мртов херој.

45. Хелените зборуваат и многу други неверојатни работи. Несериозна е од нив и оваа приказна за Херакле. Тие прикажуваат дека Египќаните, кога Херакле дошол во Египет, откако го овенчале, го извеле со свечена процесија, сакајќи да му го принесат како жртва на Зевса. А тој, иако дотогаш бил мирен, тогаш, кога почнале да го посветуваат пред жртвеникот, почнал да се брани и сите ги испобил. За тие Хелени што зборуваат така јас мислам дека не го познаваат наравот на Египќаните и дека сосем не ги познаваат нивните обичаи. Како тие, што сметаат дека е грев да се жртвува кое и да е друго животно освен свиња, теле, бик и гуска, би принесувале како жртва човек ? А освен тоа, како Херакле, кој бил еден, и тоа човек, како што тие кажуваат, би бил во состојба да убие толку десетици илјади луѓе ? И, нека ни бидат милостиви боговите и хероите нам што толку многу зборуваме за нив!

46. А Египќаните што ги споменав, не жртвуваат кози и јарци поради ова. Мендесијците сметаат дека Пан е еден од осумте богови, а за тие осум велат дека настанале пред дванаесетте богови. Кипот на Пан, вистина, и сликарите и вајарите го прикажуваат, како и кај Хелените, со козјо лице, а и нозе на прч, иако не мислат дека е тој таков, туку сметаат дека е ист како и другите богови. Поради што тие претставуваат таков, мене не ми е згодно да зборувам. А Мендесијците ги почитуваат сите кози, но повеќе прчовите отколку козите, а пастирите на козјите стада уживаат поголема чест. Од нив, пак, најмалку еден по кого, кога ќе умре, настанува голема жалост во целата мендетска област. Прч на египетски се вика ‘мендет’, а така тие викаат и богот Пан. А во времето кога јас бев во таа област, се случи чудо. Еден прч ѝ се качи на една жена и ја имаше. Тоа се случи пред очите на сите.

